ПРЕСТАПНИ ГОДИНИ
(ПРОЗЕН КАЛЕНДАР)

ОЛИВЕРА ЌОРВЕЗИРОСКА

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Оливера Ќорвезироска,
Престапни години (прозен календар)

© Оливера Ќорвезироска, 2021
© Бегемот, 2021

Лектура
Оливера Ќорвезироска

Јазична редакција
Филип Димевски

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

ПРЕСТАПНИ ГОДИНИ
(ПРОЗЕН КАЛЕНДАР)

Оливера Ќорвезироска

Бегемот
Скопје, 2021

ЈАНУАРИ

1. ПРВИОТ ДЕН ВО ГОДИНАТА

Татко ми и ќерка ми на чист кумановски ги оправаат внатрешната и надворешната политика на Германија, здравствениот систем и наставната програма на Гутенберговиот универзитет, градскиот сообраќај во Мајнц и велосипедите во Хајделберг. Јас ги слушам и правописно молчам на стандарден македонски. Син ми ги крши акцентите на зборовите и се смее, за да му угоди на дедо си; тој, пак, со своите српски осумдесет и нешто години, одвреме-навреме уфрла по некој германски збор во реченицитe, првиот на кој ќе се сети, за да ѝ угоди на својата најголема внука. Јас повторно го печам целиот свет според рецептите на мојата одамна почината мајка, во рерната со нов грејач што ми го смени татко ми. Тропаат мислите како тави и тенџерија, чрчори и мириса првиот ден во годината.

2. СТАНИ, НАПРАВИ НЕШТО!

Како дете не знаев што се ни сојка, ни мекáва,.. ама одлично знаев дека кога татко ми за некоја жена ќе речеше „сојка“, таа за него беше ништожна. „Како сојка на мекáву“ беше негова универзална компарација за бесцелно дремење, за неработење од кое му се креваше коса-та на главата; за денгуба која тој ја мразеше од дното на душата.

Сега ги знам сите зборови и лингвистички постапки што ги применуваше само врз основа на личниот поглед на светот. Сојка е мрзлива птица која не сака многу да лета, ниту да се бори за што и да е. Грубо и рапаво креска и е позната по својата мимикрија: се преправа во нешто што не е, само за да преживее. Мекáва е зимско невреме, виулица. Сојката никогаш не прави ништо свое и автентично, само си постои така и чека нешто да помине или да дојде.

„Како сојка на мекáву“ е и дефиниција за утопија, уметност, книжевност и денгуба во едно. Бесцелно постоење, планирање нешто што ни-

когаш нема да се случи, раскажување приказни што ниту биле, ниту ќе бидат,.. трошење продуктивно време на непродуктивен начин. Дозволување да ти поминат часови и часови, а да не направиш ништо видливо и конкретно како чевел, фустан, зелник, хеклано милје... За татко ми не постоеја нештата што не се конкретни, што не можат да се видат и да се допрат.

„Стани“, си велам себеси. „Направи нешто! Цел ден го отепа ’како сојка на меќаву‘, мислејќи на зборови и фрази што ниту се гледаат, ниту можат да се допрат!“